РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Бр.-Nr. 08-853/2
26-12-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-853/1 доставена на 19.12.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација од страна на Град Скопје – Комисија за субвенционирање на граѓаните за поекономични форми на загревање – високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување на Град Скопје во обласа на домување и јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита и дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) на 25.12.2023 година го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПОРАДИ НЕНАВРЕМЕНОСТ

**Не се поведува постапка по претставка бр. 08-853/1,** поднесена од [redacted] од Скопје против Град Скопје за извршена дискриминација во областа на домување и јавно информирање и медиуми, заради ненавременост на претставката, согласно чл. 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација

## Образложение

На 19.12.2023 година во архивата на Комисијата примена е претставка за заштита од дискриминација бр. 08-853/1, поднесена од [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација од страна на Град Скопје – Комисија за субвенционирање на граѓаните за поекономични форми на загревање – високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување на Град Скопје.

Имено, подносителката во претставката бара да и се одобри субвенција за клима уред во износ од [redacted], за клима која ја купила на 3.8.2022 година. Таа истакнува дека ги има сите потребни документи, но нејзиното право на субвенција и е повредено поради фактот што во втората половина на 2022 година, платформата за аплицирање не била активна, за што во прилог на претставката поднела и примерок од електронската комуникација до 24екологија на Град Скопје од 18.7.2022, 22.7.2022 и 24.11.2022. Согласно претходно наведеното, подносителката смета дека е дискриминирана поради фактот што не можела да аплицира за клима купена на 3.8.2022 година, на јавниот повик кој бил отворен до 1.11.2022 година.

Во претставката е дополнително истакнато дека Град Скопје не овозможува техничка можност да се аплицира за времетраењето на јавниот повик и со таквото дејствие ја елиминира подносителката од буџетот предвиден за таа намена.

Во врска со субвенционирањето на климата купена во август 2022 година, подносителката поднела документи на јавниот повик за 2023 година, при што наведува дека на неколку нејзини електронски пораки до 24екологија на Град Скопје од 2023 година нема одговор.

На крајот на претставката, истакнато е дека подносителката бара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да го заштити нејзиното право за барање и добивање на субвенција за клима и парите да и бидат префрлени на трансакциска сметка.

Согласно член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *претставка може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторен повредата.*

Во конкретниов случај, Комисијата утврди дека евентуалната повреда на правото на субвенција за инвертер клима уред согласно јавниот повик кој бил затворен заклучно со 1.11.2022 година, на подносителката [redacted] веќе е застарена согласно погорецитираната одредба, па затоа одлучи како во диспозитивот.

Скопје
25.12.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

1. [redacted]
2. Архива на КСЗД